ДГМ
MAG

ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 17 и 35 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Претседателот на ДГМ, за **24.12.2018** год. (понеделник) со почеток од 13 ч. свикува

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДГМ**
со следниот
**ДНЕВЕН РЕД**

1) Избор на работни тела на Собранието: работно претседателство, верификациона комисија, записничар и оверувачи на записникот
2) Усвојување на Записник од претходната седница
3) Извештај на верификационата комисија
4) Извештај за работата на ДГМ во 2018 год. и усвојување на годишна пресметка
5) Годишен план за активности на ДГМ за 2019 год.
   a. Иницијатива за редовно организирање на заедничка конференција со сродните друштва од регионот
   b. Иницијатива за зачленување во Балканска геофизичка асоцијација
   c. Гостување на проф. Дитмар Адам од ТУ Виена (теми, датуми)
   d. Организирање на предавања и обуки од интерес на членовите на ДГМ
   e. Формирање на нова интернет-страница
   f. Тркалезна маса за примена на ценовникот за геотехнички услуги
   g. Делегирање на претставници на ДГМ во технички комитети на ISSMGE
   h. Учество на конференции: HGD, ECSMGE, M/EYGEC, GEO-EXPO, СДМТГИ
6) Разно
7) Презентации на домашни компании од реализирани истражување, проектирање, изведба и надзор над инфраструктурни објекти во земјата и регионот

Коктел: 14:15 – 15:00 ч.

Забелешка:
- Годишното собрание ќе се одржи во Салата за состаноци при Градежен факултет
- Доколку сте спречени да земете учество во работата, Ве молиме својот глас, согласност или сугестии да ги испратите по електронски пат.

Со почит,

Претседател на ДГМ,

Во Скопје, 17.12.2018 год.

Доц. д-р Јован Бр. Папиќ

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

# ЗАПИСНИК ОД ИЗБОРНОТО СОБРАНИЕ НА ДГМ ОДРЖАНО НА 28.9.2018 ГОД.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1) Избор на работни тела на Собранието: работно претседателство, кандидациона и верификациона комисија, записничар и оверувачи на записникот
2) Извештај на верификационата комисија
3) Извештај за работата на Друштвото за геотехника на Македонија во периодот помеѓу две изборни собранија (2014-2018 година)
4) Предлог на кандидационата комисија за избор на членови на Извршниот одбор на ДГМ за мандатен период од четири години
5) Предлози на кандидационата комисија за претседател, потпретседател, секретар и благајник на ДГМ за мандатен период од четири години
6) Предлог на кандидационата комисија за членови на Надзорен одбор на ДГМ
7) Извештај на кандидационата комисија за резултатите од гласањето
8) Разно (обраќање на новоизбраниот претседател на ДГМ, планови за иднина итн.)

Претседателот на ДГМ, проф. д-р Милорад Јовановски ја отвори седницата со обраќање до присутните, потсетувајќи дека токму на денешен ден, во 1998 год. е извршена регистрација на ДГМ, после што Дневниот ред го стави на дискусија. Истиот беше усвоен.

***Точка 1***

Претседателот на ДГМ ги предложи следните состави за:

- Работно претседателство: проф. д-р Милорад Јовановски, проф. д-р Љупчо Димитриевски, доц. д-р Јован Бр. Папиќ и доц. д-р Кемал Един;
- Кандидациона комисија: проф. д-р Љупчо Димитриевски, проф. д-р Љупчо Петковски и доц. д-р Кемал Един;
- Записничар: асист. м-р Бојан Сусинов;
- Верификациона комисија: асист. м-р Сеад Абази и м-р Хусамедин Џеладин.
- Оверувачи на записникот: проф. д-р Спасен Ѓорѓевски, м-р Бојан Јаневски и Борис Богоевски.

Предлозите поединечно беа усвоени едногласно.

***Точка 2***

Верификационата комисија даде извештај за присутните делегати. Се констатираше дека Собранието има кворум за работа.

***Точка 3***

Претседателот на ДГМ поднесе Извештај во кој беа опфатени и содржани сите активности на ДГМ во периодот 2014-2018 год.: 1. Работа на Извршниот одбор на ДГМ; 2. Собири и манифестации, 3. Соработка со сродни организации и друштва, 4. Потпишување на меморандуми за соработка со компании и институции, 5. Формирање одделение за млади геотехнички инженери, 6. Воведување на награда „Кирил Жерновски", 7. Реализирана 16-та Подунавско-европска конференција, 8. Материјално-финансиско работење и 9. Осврт на реализацијата на плановите за работа.

Извештајот беше усвоен едногласно.

***Точка 4***

Кандидационата комисија за членови на Извршниот одбор на ДГМ ги предложи: проф. д-р Милорад Јовановски, проф. д-р Љупчо Димитриевски, вонр. проф. д-р Јосиф Јосифовски, проф. д-р Влатко Шешов, доц. д-р Кемал Едип, доц. д-р Стевчо Митовски, м-р Елена Ангелова, Васе Витанов, Стојанче Николов и Борис Богоевски.

Предлогот беше усвоен едногласно.

Воедно, за почесни членови на Извршниот одбор на ДГМ ги предложи: проф. д-р Васил Витанов, проф. д-р Коста Талаганов, проф. Наум Гапковски и м-р Хусамедин Целадин.

Предлогот беше усвоен едногласно.

***Точка 5***

Кандидационата комисија даде предлози за претседател, потпретседател, секретар и благајник на ДГМ за мандатен период од четири години:

- *Претседател на Собранието на ДГМ:* доц. д-р Јован Бр. Папиќ
- *Потпретседател:* д-р Драган Димитриевски
- *Секретар:* доц. д-р Игор Пешевски
- *Благајник:* асист. м-р Бојан Сусинов

Предлогот беше усвоен едногласно.

***Точка 6***

За членови на Надзорниот одбор на ДГМ, Кандидационата комисија ги предложи: проф. д-р Спасен Ѓорѓевски, Душко Спировски и м-р Ацо Велевски.

Предлогот беше усвоен едногласно.

***Точка 7***

Кандидационата комисија во својот извештај констатираше дека сите предложени кандидати се избрани и за истото им честиташе.

***Точка 8***

Во своето обраќање, новоизбраниот претседател на ДГМ, доц. д-р Јован Бр. Папиќ се заблагодари на сите присутни за укажаната доверба и пружената поддршка. Тој ја истакна заслугата на досегашниот претседател кој постави високи услови и навести дека во наредниот период ќе работи на задржување на тоа ниво и понатамошно етаблирање на ДГМ во државата и пошироко, како и соработка со сродните друштва за големи брани и тунели. Во таа насока, најави активности на домашно поле, во вид на продолжување на организирање на предавања на гости од странство и симпозиум, но и кандидатура за домаќин на Европска конференција за млади геотехнички инженери, верувајќи дека така, со тимот составен од релативно млади колеги, но и прекалени претходници, ќе може да состават еднакво богат извештај за работата како на досегашното претседателство.

По завршувањето на работниот дел од Собранието, се организираше коктел.

Во Скопје,

28.9.2018 год.

Записничар:

м-р Бојан Сусинов

Оверувачи на записникот:

Проф. д-р Спасен Ѓорѓевски

М-р Бојан Јаневски

Борис Богоевски

ДГМ
MAG

ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 24 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Собранието на ДГМ на својата Седница одржана на 24.12.2018 год. го разгледа поднесениот

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДГМ ВО 2018 ГОДИНА

## 1. ОПШТО

Во овој Извештај се презентирани активностите на ДГМ во текот на 2018 год., чиј солиден дел веќе беше прикажан во рамките на обраќањето на претходниот претседател, проф. д-р Милорад Јовановски, и прифатен на Изборното собрание одржано на 28.9. о.г. Оттаму, подолу во куси црти ќе се наведат реализираните активности, кои се темелени на одлуките донесени на минатогодишното Годишно собрание.

## 2. АКТИВНОСТИ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР И ТЕЛАТА НА ДГМ

Главен акцент во 2018 год. беше ставен на организацијата на 16-тата Подунавско-европска конференција за геотехничко инженерство (XVI DECGE), поради што и Извршниот одбор на ДГМ имаше редовни состаноци, најчесто во проширен состав. Како се наближуваше датумот на одржување на конференцијата, така тие средби зачестуваа и се одолжуваа, што доведе до исполнување на планот и желбата за остварување на успешен настан во периодот 06-09.6., на кој имаше гости од 46 земји од сите континенти, предавања од 10 врвни гости, се објавија преку 150 труда, посетата беше многу задоволителна, а научното ниво е високо оценето од целокупната геотехничка јавност и пошироко. Во текот на конференцијата, Претседателот на РМ му го додели на проф. Хајнц Брандл престижното признание: Медал за заслуги, а остварени се и контакти со претседателот на ISSMGE, проф. Нг, и генералниот секретар на друштвото, проф. Тејлор. Воедно, Бордот на ISSMGE одржа свој состанок во Скопје, а слично стори и оној на ITA, која асоцијација на 06.6. одржа и семинар за ризици во тунелоградбата. Воедно, беше отпечатен двотомен Зборник на трудови од страна на издавачката компанија Ernst & Sohn / Wiley, а најголем дел од рефератите беа публикувани и во електронска форма, во рамките на наменски часопис. При нивната подготовка, активно се вклучија голем број студенти и млади членови на ДГМ, што е за особено истакнување, а не помина незабележано и со позитивни коментари од страна на гостите. Сите овие настани се од голема важност за меѓународна промоција на ДГМ, а импресиите дополнително придонесуваат кон имиџот.

Значење на овој настан дава и часописот Scientific Journal of Civil Engineering што го издава Градежниот факултет, кој вториот број за 2018 год. целосно го посветува на XVI DECGE, пренесувајќи неколку реферати од Зборникот на трудови.

Во втората половина на годината, како што беше и порано, ДГМ организираше гостување на реномиран предавач од странство. Овојпат тоа беше Почесниот член на ДГМ, проф. д-р Ахмет Сагламер, кој имаше посетен настап на презентацијата „Геотехниката и хидротехничките објекти“, а за што и во весникот Порта3 беше објавен извештај.

Воедно, согласно програмата за работа за 2018 год., ДГМ изработи и речник на поимови од механика на карпи што неодамна беше поставен на интернет-страната на ISRM, за што благодарност се упатува до секретарот доц. д-р Игор Пешевски.

## 3. АКТИВНОСТИ НА ЧЛЕНСТВОТО НА ДГМ

Имајќи ја во предвид XVI DECGE и посветеноста на неа, членството на ДГМ немаше многу можности за помасовно присуство на други значајни манифестации во првата половина на годината. Сепак, после летната пауза, со вратија во тековите, па член на ДГМ учествуваше на EYGEC во Грац, за да во октомври се настапи на трибината на ЗМКГБ, а на крај на ноември, студенти на студиската програма по геотехника и претставници на македонската оператива – поддржувачи на работата на ДГМ, присуствуваа на симпозиум за примена на современа механизација во Виена.

## 4.МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Главни столбови врз кои се потпира финансиското работење на ДГМ се уплатите од спонзорите во вид на котизации и донации (посебно изразено од уплатите поврзани со XVI DECGE), а значајна помош се и членарините собрани врз основа на потпишаните меморандуми за соработка со поголем број компании. Од овие средства, ДГМ ги покри следните расходи:

- Трошоци за XVI DECGE (промотивен материјал; интернет-страна; сместување на повикани предавачи и членови на извршни одбори на ISSMGE и ITA; печатење; конференциски услуги и др.)
- Поситни трошоци за банкарски провизии и даноци
- Годишни членарини за ISSMGE и ISRM

Со оглед на обемот на трансакции, кои се реализираат и после Изборното собрание, Завршната сметка на ДГМ за 2018 год. сè уште не може детално да се подготви од аспект на преглед на приходи и расходи. Она што може да се констатира е дека нема позначајни промени во апсолутен износ, бидејќи стасаа одредени рати од спонзорства и нарачки на книги, но и исполнети се заостанати обврски за XVI DECGE за набавки на маици, па засега на сметките на ДГМ има средства во висина од околу 1440000 ден. и 1700 €, при што претстои издаток за членарина во ISSMGE. Со тоа, може да се заклучи дека финансиската состојба е доста поволна, што ќе овозможи ползување на дел од нив

за стипендирање на студенти на насока за геотехника, што оваа година беше промотивно сторено, кога на петмина бруцоши им беа доделени потврди за ослободување од школарина.

## 5. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во рамките на овој Извештај, направен е осврт на активностите на ДГМ во текот на 2018 год. Со оглед на значењето, јасно е дека акцент е ставен на исклучително големиот и важен настан што е квалитетно организиран и одржан: XVI DECGE. Секако, се продолжува со учество на други настани, одржување на гостувања, а соработката со сродните и блиски друштва ќе продолжи обострано да се негува. Со тоа, имајќи го изнесеното во предвид, сметаме дека зад нас е прилично успешна година, која ДГМ го потврди како значајно здружение кај нас, а воедно и почитувано во регионот, но и многу пошироко. Сепак, тоа ги покачува и идните планови и очекувања, за што ќе биде неопходна поддршка од членството, вклучувајќи ги и младите, а имајќи го во предвид стекнатото искуство од XVI DECGE – не се сомневаме во тоа. Во таа смисла, би сакал да се приклучам во изразувањето благодарност изнесена во Извештајот на претходниот претседател за досега пружената поткрепа и реализираната работа, која верувам се преточи во полно задоволство и претставува богато наследство.

Со почит,

Претседател,

доц. д-р Јован Бр. Папиќ

**Работата на ДГМ во изминатиот период ја поддржаа**

- АДИНГ АД – Скопје
- АДОРА – ИНЖЕНЕРИНГ – Скопје
- БАЛКАН – КОНСАЛТИНГ – Скопје
- БЕТОН АД – Скопје
- БИМ АД – Свети Николе
- БУЧИМ – Радовиш
- ВАРДАРГРАДБА – Скопје
- ГЕИНГ – Скопје
- GEOBRUGG
- ГЕОДИЗАЈН ИНЖЕНЕРИНГ – Скопје
- ГЕОИНГ – МК – Скопје
- ГЕОМАП – Скопје
- ГЕОКОНТРОЛ – Скопје
- ГЕОПРОЕКТ – ПРИМА ДООЕЛ – Скопје
- ГЕОТЕХНИКА – НОВА ДООЕЛ – Скопје
- ГЕОХИДРОИНЖЕНЕРИНГ – Скопје
- ГЕОХИДРОКОНСАЛТИНГ – Скопје
- ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ "МАКЕДОНИЈА" – Скопје
- УКИМ, ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ – Скопје
- ГРАНИТ АД – Скопје
- ДИВИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ – Скопје
- ЕВРОКОНСАЛТИНГ ДОО – Скопје
- ЕЛЕМ АД – Скопје
- ЖИКОЛ ДООЕЛ – Струмица
- ЗАВОД за испитување на материјали и развој на нови технологии – Скопје
- ЗЕНИТ МОНТ – Скопје
- УКИМ, ИЗИИС – Скопје
- ИЛИНДЕН А.Д. – Струга
- ИНВЕСТИНГ ДООЕЛ – Радовиш
- ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
- КАТЕДРА ЗА ГЕОТЕХНИКА, Градежен факултет – Скопје, УКИМ
- KELLER
- МАЈО ГРУП – Скопје
- КОМОРА на овластени архитекти и овластени инженери на Р.М.
- OCTOPUS
- ПРОГРЕС 98 – ИНФРАСТРУКТУРА - Гостивар
- ПРОСТОР – Куманово
- СИНТЕК – Скопје
- SLP / PILE DYNAMICS
- ТРАНСМЕТ – Скопје
- УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – Скопје
- ЧАКАР & ПАРТНЕРС – Скопје

ДГМ
MAG

ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

## СПОРЕДБА НА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ПОМЕЃУ ДВЕ СОБРАНИЈА

| | ТУТУНСКА БАНКА | | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА | |
|---|---|---|---|---|
| | Денарска сметка | Девизна сметка [€] | Денарска сметка | Девизна сметка [€] |
| Септември 2018 | 580890 | 1771,85 | 869971 | 0 |
| Декември 2018 | 518407 | 1658,85 | 926559 | 126 |
| Разлика | -62483 | -113 | 56558 | 126 |
| ВКУПНО | 1444966 | денари | 1784,85 | € |

Претседател на ДГМ,

Во Скопје, 21.12.2018 год.

Доц. д-р Јован Бр. Папиќ

SPORAZUM O SARADNJI

Između

Društva za geotehniku u Bosni i Hercegovini, sa sjedištem u Tuzli, Univerzitetska 2, koje zastupa predsjednik Društva prof. dr Mato Uljarević, dipl.ing.građ.

Društvo za geotehnika na Makedonija, sa sjedištem u Skoplju, bul.Partizanski odredi br.24, koje zastupa predsjednik Društva doc. dr Jovan Br. Papić, dipl.građ.inž.

Hrvatsko geotehničko društvo, sa sjedištem u Zagrebu, Berislavićeva 6, koje zastupa predsjednik Društva prof.dr Igor Sokolić,dipl.ing.građ

Slovensko geotehniško društvo, sa sjedištem u Ljubljani, Jamova cesta 2, koje zastupa predsjednik Društva mag. Mojca Ravnikar Turk

Srpsko društvo za mehaniku tla i geotehničko inženjerstvo, sa sjedištem u Beogradu, Kneza Miloša 7a/II-20, koje zastupa predsjednik Društva dr Nenad Šušić,dipl.ing.građ

Srpsko društvo za mehaniku stena, sa sjedištem u Beogradu, J. Černog 80, koje zastupa predsjednik Društva mr Milan Tričković,dipl.ing.građ

Ovim Sporazumom o saradnji, Društvo za geotehniku u Bosni i Hercegovini, Društvo za geotehnika na Makedonija, Hrvatsko geotehničko društvo, Slovensko geotehniško društvo, Srpsko društvo za mehaniku tla i geotehničko inženjerstvo, Srpsko društvo za mehaniku stena - u daljnjem tekstu Društva, obavezuju se na saradnju što će biti korisno za sve potpisnike.

Član 1

Svrha i cilj ovog Sporazuma o saradnji je podsticanje i razvoj saradnje između gore navedenih Društava, u svim oblastima i aktivnostima koje se tiču oblasti geotehnike i organizovanje godišnjih konferencija na regionalnom nivou zemalja Društava, potpisnika ovog Sporazuma.

Član 2

Regionalna konferencija će se održavati svake godine u dogovorenom redoslijedu između potpisnika ovog Sporazuma, u zemlji domaćina Društva.

Član 3

Potpisnici ovog sporazuma su se složili da pokrenu izdavanje regionalnog časopisa za geotehniku, koji će se objavljivati jednom godišnje nakon konferencije.

Troškove objavljivanja časopisa snosi domaćin konferencije.

Posebnim aktom biće definisano uređivačko tijelo.

Član 4

Organizacioni odbor, organizaciona i naučna tijela konferencije čine predstavnici potpisnika ovog Sporazuma.

Predsjednik Organizacijskog odbora se imenuje iz zemlje domaćina konferencije, i predsjednik naučnog odbora iz zemlje domaćina naredne konferencije.

Član 5

Svi detalji o aktivnostima koje će se planirati na osnovu ovog Sporazuma, biti će definisani posebnim protokolom, prije početka svake zajedničke konferencije, kao i redoslijed održavanja konferencija.

Član 6

Ovaj Sporazum stupa na snagu na osnovu potpisa predstavnika svih navedenih Društava. Sporazum se može produžiti uključivanjem drugih Društava iz regiona uz saglasnost svih potpisnika. Sporazum može biti prekinut pismenim obavještenjem, od bilo koje strane i u bilo koje vreme, i prestaje da važi 180 dana nakon pismenog obavještenja.

Član 7

Sporazum je sačinjen u pet primjeraka, svaki se smatra originalnim i svaki potpisnik zadržava po jedan primjerak. Svaka dopuna i izmjena ovog Sporazuma može biti učinjena novim sporazumom između svih pet institucija.

---

Prof. dr Mato Uljarević, Predsjednik Društva za geotehniku u Bosna i Hercegovini

---

Doc. dr Jovan Br. Papić, Predsjednik Društva za geotehnika na Makedonija

---

Prof. dr Igor Sokolić, Predsjednik Hrvatskog geotehničkog društva

---

Mag. Mojca Ravnikar Turk, Predsjednica Slovenskog geotehniškog društva

---

Dr Nenad Šušić, Predsjednik Srpskog društva za mehaniku tla i geotehničko inženjerstvo

---

mr Milan Tričković, Predsjednik Srpskog društva za mehaniku stena